**Обраќање НА МО Владо МИСАЈЛОВСКИ**

**по повод 5-годишнината од членството во НАТО -**

касарна „Илинден“, 28.03.2025

Почитувана претседателке,

Почитуван претседател на Собранието,

Почитуван премиер,

Почитуван началник на Генералштабот, генерал Лафчиски,

Почитуван адмирал, колеги, пратеници, амбасадори,

Почитувани претставници на медиумите

Почитувани присутни,

Живееме еден многу тежок период од нашата независност. Немам зборови за утеха за сите оние кои го изгубија најмилото и длабоко сочувствувам со нив и нивната болка. Сите се соочуваме и се бориме со измешани чувства и емоции, и навистина е тешко да ги најдеме вистинските зборови за значењето на еден ваков ден кога одбележуваме јубилеј – 5 години од членството на Македонија во НАТО.

Денеска нема само да го одбележиме овој јубилеј, туку го одбележуваме нашето заедништво и меѓусебна поддршка.

Зборовите на утеха, а уште повеќе, подготвеноста да се помогне е она кое од нас 32 земји во НАТО прави една здружена, обединета сила која е подготвена да излезе во пресрет на секоја една земја членка.

Во раните утрински часови таа кобна недела и во периодот кој следуваше зборував со многумина од амбасадорите на земјите – членки и со повеќе мои колеги министри за одбрана. Она што го слушнав од нив беше – „како можеме да помогнеме“.

НАТО не е само воено-политички сојуз, не е само организација која ги штити надворешните граници на земјите-членки. НАТО е сојуз кој и покрај сите различни гледишта на многу теми има една заедничка суштина – грижата едни за други!

Тоа е најголемата вредност во Алијансата, столбот кој нè држи исправени и во најтешките мигови во еден човечки живот.

Во тоа е нашата колективна сила!

Им благодарам од срце на секој еден од нив и им порачувам – нивната поддршка јас и македонските граѓани никогаш нема да ја заборавиме.

Но, сакам да нагласам дека нема да го заборавиме ниту професионализмот и посветеноста на секој еден припадник на Армијата и сите останати чинители кои беа максимално посветени да помогнат веднаш на своите сограѓани. Секој еден припадник на Генералштабот и Министерството за одбрана сите 146-те припадници кои беа ангажирани во поддршка на институциите и граѓаните, мораа да се изборат со сопствените чувства и тагата и најпрофесионално да одговорат на своите задачи.

И секој следен пат кога ќе го споменеме зборот херој, треба гласно да ни одекнува дека Македонија ги има многу во својата историја, кои го дале својот живот, но и херои кои се секојдневно меѓу нас, подготвени веднаш да помогнат, а дел од  нив се и секако припадниците на македонската Армија.

Почитувани присутни,

Потребни ни се промени, промени кои значат почитување на законите, промени кои ќе ни помогнат да изградиме едно функционално, праведно и современо општество. Нека споменот за нашите херои, за трагично починатите и за сите оние кои дале свој придонес за Македонија нè води кон суштински промени.

Системот може да се смени само ако искрено секој од нас даде свој придонес, а секако во почитување на секое едно правило. Тоа е љубовта кон татковината, да ја сакаш државата и да го почитуваш секој сограѓанин.

Членството во НАТО претставува и гарант и за стабилноста на македонската економија. Стабилност која значи можност за странски директни инвестиции, но истовремено и уште позначајно, можност за македонски компании да учествуваат на НАТО пазарот кој изнесува над 10 милијарди евра годишно.

Со членството во НАТО ја зацврстивме својата безбедност, но и даваме свој придонес со свои капацитети во зацврстувањето регионалната и колективна безбедност. Од нашите 31 земја сојузник имаме голема поддршка во развојот на вооружените сили. Се развиваме заедно затоа што НАТО го означува токму тоа - сите заедно, со здружени сили кон силна и безбедна Алијанса.

Инвестираме во македонската одбрана, ја модернизираме нашата Армија со силно темпо,  а заедно со нашите сојузници учествуваме во голем број вежбовни активности дома и во странство со што ја зајакнуваме интероперативноста, која е клучна особено при учеството во мировните операции.

Имаме многу што да научиме, но имаме и многу што да понудиме.

Да си ја чуваме Македонија, да се грижиме за безбедноста и стабилноста на регионот и пошироко, затоа што само така можеме да одиме напред.

Да живее Армијата

Ви благодарам од се срце да сте ми живи и здрави!